# ЗАБРАНА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ ЗА 2026 година

Согласно риболовната основа за рекреативна зона Акумулација Градче забраната за рекреативен риболов за 2026 година е прикажана

Пастрмка ----- од 01 Октомври до 31 Јануари ( наредната година )
Сом ------------ од 05 Мај до 15 Јуни
Клен ------------ од 05 Мај до 15 Јуни
Крап ------------ од 05 Мај до 15 Јуни
Црна мрена ---- од 15 Мај до 30 Јуни
Слатководен рак -- трајна забрана

*Забраната ќе се однесува и на сите случајно уловени примероци од наведените видови.* Во периодот на забрана сите случајно уловени риби ќе мора веднаш во жива состојба и неоштетени да се вратат во риболовната вода и нема да се толерира никакво изнесување на рибите за кои е определена забрана, нивно убивање, како и ставање во секаков вид на чуварки.

Риболов на пастрмката во горе наведениот период, се дозволува само во деновите: Петок, Сабота, Недела и државен празник. За извршување на рекреативниот риболов Здружението ќе го почитува Законот и одредбите во риболовната основа и дозволените риболовни средства за вршење на рекреативен риболов. *Во дозволен риболовен прибор за рекреативен риболов спаѓаат:* риболовни трски, риболовни машинки (орши) и разни видови на природни и вештачки мамки. При вршењето рекреативен риболов на пастрмка може да се употребува само една риболовна трска, со или без машинка (орша) и задолжителна употреба на вештачки мамки. Дозволена е употреба на следните вештачки мамки: еден блинкер со една јадица (трокрака, двокрака или едникрака) или еден воблер кој може да има до две јадици (трокраки, двокраки или еднокраки) или три вештачки мушички кои можат да имаат еднокраки јадици. При вршењето рекреативен риболов на останатите видови риби, дозволена е употреба на максимум две риболовни трски со по три јадици на трска или максимум три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без машинка (орша) и употреба на сите видови природни и вештачки мамки.

Дозволен излов на риба:

Крап од 40 цм до 3 килограми еден примерок неделно

Сом минимална должина 70 цм еден примерок

За останатите видови на риба до 3 кг. според големината дадена во:

19.12.2025

СРЗЕК,,Кочански Рибар"